РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација
## на ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ

Број: 04-697/1
13.06. 2023 година,
Скопје

CamScanner

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019 и 14/2022), и во врска со член 3 и член 4, став (2) од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018 година), В.Д. Директорот на Државниот просветен инспекторат, донесе

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Државен просветен инспекторат

Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за внатрешната организација на Државниот просветен инспекторат со број 04-1370/6 од 15.11. 2018 година.

Член 2

Во глава II. **ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ ВО ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ И НИВНИОТ ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА во член 3 став 1 по точка 1.2.** Одделение за управување со човечки ресурси се додава нова точка 1.2-а. која гласи:

1.2-а.Одделение за нормативно правни работи во инспекторатот

Член 3

Во глава II . **ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ ВО ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ И НИВНИОТ ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА**, во член 4 во ставот 1 во точка 1. **Секторот за стручно-административни работи** ги врши следните работи, по алинеја 12 се додаваат нови алинеи, кои гласат:

- ги врши нормативно-правните работи во врска со предлагањето и изготвувањето на законите и другите подзаконски акти (правилници, упатства, наредби како и одлуки, договори и решенија) во областа на инспекторатот;
- изготвува одлуки, договори и решенија од дејноста на инспекторатот;
- одговара на тужби поднесени против Државниот просветен инспекторат;
- подготвува тужби во име на Државниот просветен инспекторат и истите ги поднесува до Државното правобранителство на Република Северна Македонија;
- подготвува тужби, жалби, приговори, одговор на жалби и поведува граѓански постапки пред надлежните судови, како и управни спорови пред Управниот суд;
- соработува со Јавното обвинителство, Државното правобранителство, надлежните нотари, извршители и други правосудни органи, и ги штити правата и интересите на Државниот

CamScanner

просветен инспекторат;

- ги врши нормативно-правните работи за потребите на Државниот просветен инспекторат

Член 4

Во глава II. **ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ ВО ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ И НИВНИОТ ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА**, во член 4 во ставот 1 по точка 1.2 Одделение за управување со човечки ресурси се додава нова точка 1.2-а. која гласи:

1.2-а.Одделението за нормативно правни работи во инспекторатот ги врши следните работи:

- ги врши нормативно-правните работи во врска со предлагањето и изготвувањето на законите и другите подзаконски акти (правилници, упатства, наредби како и одлуки, договори и решенија) во областа на инспекторатот;
- изготвува одлуки, договори и решенија од дејноста на инспекторатот;
- одговара на тужби поднесени против Државниот просветен инспекторат;
- подготвува тужби во име на Државниот просветен инспекторат и истите ги поднесува до Државното правобранителство на Република Северна Македонија;
- соработува со Јавното обвинителство, Државното правобранителство, надлежните нотари, извршители и други правосудни органи, и ги штити правата и интересите на Државниот просветен инспекторат;
- ги врши нормативно-правните работи за потребите на Државниот просветен инспекторат

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 04-697/1

13.06.2023 година

в.д.Директор/u.d.Drejtori,
Halit Feratov

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT - ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ - INSPEKTORATI SHTETEROR ARSIMOR - СКОПЈЕ - SHKUP